ASTHMA RIGHT CARE
AN IPCRG INITIATIVE

# КАРТИЧКИ СО ПРАШАЊА И ПРЕДИЗВИЦИ

## Пациенти

International Primary Care Respiratory Group
IPCRG
Est. 2001

# ВОВЕД

Добротворната организација International Primary Care Respiratory Group (www.ipcrg.org/aboutus) е лидер на социјалното движење се со цел да ја имплементира желбата за промени во водењето на астмата*. Нашиот фокус, во првата фаза, е усмерен на преголемото користење на бета2 агонисти (САБА) со кратко дејство и тестирање како да се создаде чувство на непријатност и незадоволство од ова кај сите засегнати страни.

## НАШИТЕ РАЗГОВОРИ, ВОДЕЈЌИ ЈА ОВАА ПРОГРАМА СЕ СЛЕДНИТЕ:

- Иако постои предозирање, не постои консензус за тоа што претставува „прекумерно дозирање“
- Иницијалните совети за употребата на САБА, кои можат да влијаат на лицето во иднина се спроведуваат на многу места, на пр., аптеките во заедницата и одделенијата за итна медицинска помош, како и ординациите на општите/семејните лекари
- Ние навистина не знаеме дали пациентите имаат преголема употреба на САБА ако тие не доаѓаат редовно во ординација
- Меѓу здравствените работници кои не работат со пациенти со респираторни проблеми, астмата се смета за низок приоритет за промена
- Претходните пристапи навистина не го променија тоа и покрај доказите кои сугерираат несигурни варијации во исходот и смртноста, морбидитет и честотата на користење на здравствена заштита
- Без желба за промена, тешко е да се примаат и усвојуваат пораки за тоа како да се подобри грижата на пациентите со астма.

IPCRG доби средства од AstraZeneca за водење на тимот за испорака и за дизајнирање и печатење на овие картички. Тимот за испорака од пациенти, фармацевти и општи лекари се одговорни за содржината.“ Март 2019

# КАРТИЧКИ СО ПРАШАЊА И ПРЕДИЗВИЦИ

## ПАЦИЕНТИ

**Овие картички се начин да поттикнете разговори и да го споделите вашето размислување со другите. Ве поканувам да ги искористите за да започнете дискусија!**

## ИНСТРУКЦИИ

1. Поделете се во парови или мали групи
2. Изберете картичка од купот
3. Прочитајте го прашањето или коментарот
4. Одвојте неколку минути за да разговарате и забележете ги вашите клучни точки за дискусија
5. Изберете друга картичка и следете ги чекорите 3 и 4 погоре
6. Повратните информации од вашата дискусија споделете ги со целиот тим

# Како би ја дефинирале контролата на астмата?

**Дали мислите дека астмата може/можела/би можела/мора да биде под контрола?**

**Предизвикувачка изјава:**

**Социјалната стигма може да ја влоши контролата на астмата**

**(на пр. страв од користење инхалер во јавност).**

**Дали се согласувате?**

**Предизвикувачка изјава:**

**Избегнувањето на земање инхалаторни кортикостероиди поради страв од нивните несакани ефекти може да ја влоши контролата на астмата.**

**Дали се согласувате?**

**Предизвикувачка изјава:**

**„Ми беше кажано секогаш да земам олеснувач за да ги отворам дишните патишта пред да земам инхалаторни кортикостероид (ICS)“**

**Дали сѐуште ги слушате луѓето кои го кажуваат тоа, и покрај доказите за спротивното?**

**Метафора:**

**Дали ова функционира?**

**„Контролерот ја успива болеста (астмата).**

**Спасувачот/олеснувачот само ја зашеметува“.**

**Кои метафори ги користите?**

**Метафора:**

**Дали ова функционира во објаснувањето кога да се користат олеснувачи на симптомите и контролори на астма?**

**„Имате протекување во вашата куќа. Можете да направите една од двете работи: да користите кофа или да повикате водоводџија“.**

**Кои метафори ги користите?**

**Каков вид на разговор сакаат пациентите да водат за астмата или употребата на САБА?**

**Што мислите кој  е најсоодветно медицинско лице за оваа конверзација, на пр: Семеен лекар, медицинска сестра, фармацевт?**

# Дали имате потешкотии во правилно користење на вашиот пропишан третман?

**Дали знаете дека бројот на потрошени САБА инхалери**

**за една година е показател за лоша контрола на астмата?**

**Дали мислите дека тоа е добар показател?**

**Предизвикувачка изјава:**

**„Ако САБА се користи редовно,секојдневно, студиите покажуваат дека може да има обратен ефект со предизвикување на повеќе несакани ефекти (или тешко дишење)“.**

**Каква е вашата реакција?**

**Какво е вашето искуство?**

**Позитивна порака:**

**Дали ова функционира?**

**„Овој (САБА инхалер) треба да ви трае 6 месеци; ако сѐуште имате симптоми или ако го потрошите пред шест месеци вратете се, бидејќи тоа укажува дека нешто не е во ред и дека вашата астма можеби не е целосно контролирана“.**